Број 09—
23.05.2022 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од 8.седница на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 23.05.2022 година (понеделник) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ, втори кат, со почеток во 14:05 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево кој на почетокот упати забелешка за доцнењето на некои членови на Совет и ги замоли во иднина да доаѓаат навреме на седницата.

За Осмата седница на Советот го предложи следниот

**Дневен ред**

**-Усвојување на Записник од Осмата седница на Советот на Општина Делчево**

1. Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2022 година со Заклучок;
   **Образлагач**: Билјана Прачкоска-Секретар на Општина Делчево.
2. Предлог-Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;
   **Образлагач**: Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци.
3. Предлог-Одлука за определување на имиња на илици во градот Делчево;
4. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Цвета Начева;
5. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење бр.09-2137/1 од 29.12.2020 година;
   **Образлагач:** По точките 3,4 и 5 -Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, уредување на градежно земјиште, комунални работи и сообраќај и заштита на животна средина.
6. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистики оланови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;
   **Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.
7. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;
   **Образлагач**: Ванчо Новоселски-Советник за образование.
8. Разгледување на Барање од Месна заедница Трети реон ;
9. Разгледување на Барање од граѓани кои живеат на ул.„Пере Тошев" 08-731/1 од 19.04.2022;
10. Разгледување на Барање бр.09-767/1 од 26.04.2022;

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред и за збор се јави Иван Гоцевски кој  рече дека во врска со овој предлог имало компромис помеѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ и предложи дневниот ред да се дополни со Предлог-Одлука за доделување парична награда во износ од 30.000 денари на раководителката на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци. Својот предлог тој го образложи со тоа што А.Христова какко раководител на Одделението добро го подготвува Буџетот на Општината со години и наградата да биде стимул и пример за другите вработени во Општина Делчево за тоа како треба да си ја врши својата работа.

Кирил Тренечевски рече дека според него потребно е да се поднесе писмено барање, па потоа да се изготви предлог-одлука.Тој рече дека на седницата е присутна и Б.Прачкоска секретар на Општина Делчево и дека според него треба и таа да каже дали на оваа седница треба да оди оваа точка или на наредната.

Б.Прачкоска-Секретар на Општина Делчево рече дека подобро би било на некоја наредна седница, а претходоно да биде  поднесено писмено барање од страна на предлагачот.

Оливера Ташевска праша зошто на дневен ред ја нема точката- Тримесечен извештај за работењето на ЈКП „Брегалница“?

Гоце Попов-претседател на Советот рече дека денеска добил писмено известување од директорот на ЈКП „Брегалница“ дека ја повлекува точката од причини што Марија Сумрачка-образлагач на точката и одговорен сметководител доставила боледување, како и претходниот пат кога на дневен ред бил Годишниот извештај за работењето на ЈКП „Брегалница“ и кога точката наместо неа ја образлагал директорот на ЈКП „Брегалница“.

Иван Гоцевски праша во која смисла/функција Марија Сумрачка е образлагач на оваа точка?

Претседателот на Советот истакна дека е тоа нивни внатрешен проблем за кој Советот не треба да расправа.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред.

Претседателот отвори распвата по Записникот од 7.седница.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека иако на претходната седница биле поставени повеќе прашања, на некои од нив, советниците се уште немаат добиено одговор, најмногу тоа се однесува на ЈКП „Брегалница“. Тој упати забелешка и рече дека тоа не е во ред, советничките прашања се право на членовите на Советот согласно Статутот и Деловникот, а институциите имаат обврска на истите да дадат одговор. Ако советниците не можат да добијат одговор на прашања, тогаш како ќе добијат одговор грачаните, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека забелешката на И.Гоцевски е во ред и дека таа како претседател на Совет ќе се потруди да се доставаат одговори на оние прашања кои не се одговорени.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по Записникот од Осмата седница беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", истиот беше усвоен.

Прва точка-Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2022 година со Заклучок;

Образлагач по оваа точка беше Билјана Прачкоска-Секретар на Општина Делчево која рече дека пред советниците на денешната седница се доставени Измени на Годишниот план за вработување за 2022 година и истакна дека со предложените измени не се менува вкупниот број на извршители предвидени со ГПВ за 2022, туку предложените измени се однесуваат на видот на работните места. Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2022 година е донесен во месец јули. Со овие измени нема да има никакви финансиски импликации, средствата остануваат исти, не се зголемуваат средствата за плата, туку со измените на видот на работните места се смета дека ќе се подобри ефикасноста на општинската администрација и ќе се подобрат услугите што администрацијата ги испорачува до граѓаните. Битно е да се напомене дека бројот на извршители за нови вработувања 16 не се менува, останува ист како во претходно донесениот ГПВ за 2022 во месец јули 2021 година. За подобрување на работата и ажурноста на општинската администрација, согласно Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за админстративни службеници, била направена измена на Правилникот за систематизација на работните места при што е направена измената која ви е доставена со измената на Годишниот план, а за измената и дополнувањата на Правилникот за систематизација на работните места, Општина Делчево има добиено и Согласност од Министерството за информатичко општество, со што МИОА констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Функционалната анализа и Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација. Тоа е што можам да ви го кажам за измените на ГПВ за 2022, доколку имате прашања, повелете, рече Б.Прачкоска.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Иван Гоцевски која праша дали Општината има план од каде ќе биадт средствата за новите работни места?

Б.Прачкоска рече дека таа веќе истакнала оти со овие измени нема дополнително оптоварување на буџетот, планирани се нови 16 вработувања и тие се провелекуваат со години. Тоа е план, дали ќе се реализираат е др.работа. Согласно законот се што не е пополнето во Правилникот за систематизација мора да се предвиди во табелата нови вработувања. Направените измени се во видот на работните места, односно избришани се некои, а на нивно место се креирани нови, но бројката е таа, мора колку се избришани толку да се креираат. Конкретно, измените се однесуваат на:советник за заштита на ЖС во Сектор за урбанизам, страна 8, реден број 4 од планот, потоа советник за планирање на ЛЕР, тука е избришано едно место и на него е креирано ова, потоа во Одделението за општи и правни, референт за односи со малцински заедници и возач исто така во одделението за општи и правни работи. На сите ви е познато дека 2-3 месеци возачот е на боледување и градоначалникот за службени потреби мора да вози сам. Таа напомена

дека не мора да бидат реализирани во таа календарска година, ама мора да се предвидат и истакна дека согласно Законот за вработени во јавен сектор, Советот дава согласност на годишните планови за вработување и измените на истиот.

Зекир Абдулов праша колку време важи согласноста на измената и дополнувањето на Правилникот дадена од МИОА и дали ако Советот не достави Заклучок за усвојување на измените на планот до МИОА може ова аточка д асе стави на наредна седница?

Б.Прачкоска рече дека согласноста важи еден месец, односно до 11.06.2022 година.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 6 гласа „ЗА“ и 9 „ВОЗДАНИ“, Советот на Општина Делчево не ги усвои измените на Годишниот план за вработување на општина Делчево за 2022 година.

Втора точка-Предлог-Одлука за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци која истакна дека оваа одлука е изготвена врз основа на барање на буџетските корисници со цел искористување на средствата пренесени како вишок на приходи од претходна година. Станува збор за 7.513.007 денари во делот на дотации кои се распределени согласно барањата на основните училишта, средното училиште и детската градинка. Доколку има прашања, повелете, рече А.Христова.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Иван Гоцевски кој праша за што ќе бидат наменети средствата на потставката 482930 во средното образование во износ од 1.000.000 денари?

А. Христова рече дека нема точна информација и дека гимназијата тоа си го предвидела со планот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 6 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за проширување на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година.

Трета точка-Предлог-Одлука за определување на имиња на илици во градот Делчево;

Оваа точка ја образложи Звонко Атанасов кој истакна дека во 2018 година Советот донел Листа за определување на имиња на улици, мостови, плоштади и други инфраструктурни објекти. Согласно Законот за определување на имиња на улици, мостови, плоштади и други инфраструктурни објекти, имињата на улиците треба да бидат од самата Листа. Конкретно, со оваа одлука се определуваат имиња на улици во централно градско подрачје во градот Делчево. Се определува името „Василево “ на улицата која е во централно градско подрачје – Делчево, кај новиот градски пазар кој е во изградба. која започнува од ул.„Индустриска „ а завршува со КП бр 6604/3. Се раздвојува крак кај КП бр.6574/1 до КП бр.6586/2 и до КП бр. 6572 и крак од КП бр.6587 до КП бр.6591, продолжува од КП бр. 6574/1 до спој со ул.„Светозар Марковиќ“, се раздвојува крак кај КП бр.6660/17 до спој со ул.„Светозар Марковиќ“ , се крстосува со ул„Блаже Конески “ кај КП бр.6600/1.

Тој рече дека за втората улица зад Детската градинка и ООУ „Ванчо Прке“, поточно кај социјалната станбена зграда се предлага името Блаже Конески. Улицата е во централно градско подрачје - Делчево која започнува од ул.„Индустриска „ а завршува

со КП бр 6650/8. Се раздвојува крак кај КП бр. 6599/21 до КПбр.6599/1 и крак од КП бр.6600/3 до КП бр.6599/49 спој со Ул.„Василево“, се раздвојува крак кај КП .бр.6605/1 до КП бр.6606/1 , се крстосува со ул„ Василево “ . Куќните броеви на улиците „ Василево “ и „ Блаже Конески “ , ќе бидат определени од страна на Општина Делчево. Составен дел на оваа Одлука е мапа на централно градско пподрачје - Делчево со определени улици.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која рече дека пред 4 месеци дале предлог за именување на улица со името на Димитар Узунски и праша дали ќе биде именувана некоја улица со неговото име?

Гоце Попов претседател на Советот рече дека тој смета дека треба да се именува улица со име на некој познат делчевец и предложи новоизградената улица кај социјалната станбена зграда да се именува со името на Љубомир Белогаски, истакнат македонски академски сликар и универзитетски професор по потекло од с. Тработивиште

Новоизградената улица кај Градскиот пазар да се именува со името „Македонија“. Тој рече дека треба да се има предвид актуелната состојба кога од разни страни е нападнат македонскиот идентитет и затоа предлага улицата да се вика „Македонија“.

Звонко Атанасов рече дека имињата кои се предлагаат за именување на улиците треба да ги има во веќе донесената Листа во 2018 година која веќе е исцрпена и се останати малку имиња и нема некој избор, а за донесување на нова Листа постапката е доста сложена и бара време бидејќи согласно Законот се дава согласност од страна на Владата на седница на која присуствува и Градоначалникот на Општината. Во продолжение тој даде пошироко образложение за имињата на улиците кои се дадени во предлог-одлуката и истакна дека Блаже Конески е истакнат македонски книжевен, културен и јавен работник, академик, поет, прозаист, есеист, книжевен историчар, филолог и јазичар, преведувач и професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Тој бил и еден од кодификаторите на современиот македонски литературен јазик и значајна личност во македонската книжевност. онески е истакнат јазичар, меѓународно реномиран славист, еден од најзначајните протагонисти во процесот на кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, втемелувач на македонистиката на Филолошкиот факултет во Скопје (кој денес го носи неговото име), ценет професор, еден од основачите и прв претседател на МАНУ.

Во врска со името Василево тој истакна дека тоа е поранешно име на Делчево во византискиот период.

Дејан Георгиевски рече дека предлогот за именување на улица со името на Блаже Конески секако треба да остане, а едната улица може да се именува со Љубомир Белогаски.

Кирил Тренчевски рече дека не може да се даваат поединечни предлози или комбинација на предлози за имиња на улиците бидејќи предлог-одлуката се однесува на именување на две улици, односно со 1 одлука се именуваат две улици. Предлозите треба да се усогласени, т.е да бидат во 1 одлука. Кога се предлага, да се даваат по 2 предлога.

Звонко Атанасов рече дека имињата треба да бидат од веќе донесената Листа, не ,може да се именуваат улици со нови имиња.

Претседателот на Советот, Гоце Попов, рече дека Белогаски е најпознат македонски акварелист, основоположник на македонската модерна уметност. Белогаски е еден од претставниците на првата генерација македонски современи сликари и основоположник на македонската современа уметност и врвен мајстор на акварелот , светски афирмиран сликар кој е по потекло делчевец и затоа смета дека улицата треба да биде именувана со неговото име. Претседателот на Советот истакна дека името „Македонија" го има во Листата, во делот кој се однесува на плоштади, мостови и др.инфраструктурни објекти и смета дека воопшто не би било проблем ако улицата кај Градскиот пазар се именува со името „Македонија".

Сања Николовска рече дека СДСМ како партија распишала референдум за промена на уставното име од Република Македонија во Република Северна Македонија. „Самите Изјави што ни беа дадени на првата седница беа со името Република Северна Македонија и затоа сметам дека е лицемерно од страна на претседателот да се инсистира на името Македонија како име на 1 од улиците предложени со оваа одлука.Пропуштен е социјалниот момент кога требаше да се брани македонскиот идентитет", рече таа.

Претседателот на Советот рече дека советничката од Левица заборавила дакаже дека промената на името, односно додавањето на придавката Северна било за членство во ЕУ и НАТО, што е цел на сите освен на Левица како партија која има други аспирации.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а на гласање беше ставена Предлог-Одлуката за определување на имиња на илици во градот Делчево (Василево и Блаже Конески).

Со 15 гласа „ВОЗДРЖАНИ", Одлуката не беше донесена.

На гласање беше ставен предлогот даден од страна на претседателот Гоце Попов за именување на улиците со името ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ и МАКЕДОНИЈА.

Со 5 гласа „ЗА" и 10 ВОЗДРЖАНИ", предлогот не беше прифатен.

На гласање беше ставен и предлогот од Дејан Георгиевски за именување на улиците со името ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ и БЛАЖЕ КОНЕСКИ.

Со 2 гласа „ЗА" и 13 „ВОЗДРЖАНИ", и тој предлог не беше прифатен.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Цвета Начева;**

Точката ја образложи Звонко Атанасов и рече дека оваа одлука се однесува на утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Цвета Начева. Објектот се наоѓа во с. Град, после трафостаницата, земјиштето е во приватна сопственост, но не на неа, туку на други лица, кои дале согласност за да биде изграден објектот.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за

бесправно изграден објект надвор од плански опфат за објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Цвета Начева;

**Петта точка-Предлог-Одлука за измена на Одлуката за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење бр.09-2137/1 од 29.12.2020 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, уредување на градежно земјиште, комунални работи и сообраќај и заштита на животна средина кој истакна дека со претходната одлука донесена од страна на Советотво 2020 година за реализација на проектот „Градски пазар во Делчево-отворен и затворен дел (II фаза)“. вкупниот буџет на проектот бил проектиран на 15.977.782 денари без вклучен ДДВ или 18.853.782.76 денари со вклучен ДДВ од кои 13.987.208,00 денари ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година. Општина Делчево како партнер требало да обезбеди 4.866.574,76 денари од буџетот на општина Делчево за 2021 година. Но, поради покачувањето на цените на градежните материјали, особено на железото и комплексноста на самите позиции (бетон, железо, панели, бехатон), на тендерот објавен од страна на ИПР се јавиле само 2 фирми и понудената цена е 24.143.187 денари без вклучен ДДВ или 28.488.960,54 денари со вклучен ДДВ од кои 13.987.208,00 денари ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2021-2022 година. Уште во 2021 годива, во август месец од една фирма имало добиено понуда од околу 26 милиони денари, имало и понуди во смисла Општина Делчево да го обезбеди/купи материјалот, а фирмата да даде понуда за работна рака, односно да ги изведе работите. Друг проблем е што фирмите кои се јавуваат на тендер, не ги работат сите позиции наведени во тендерот и мора да бараат подизведувачи, т.е. други фирми. Со еден збор комплексна е ситуацијата и има доста проблеми, а првата фаза од градскиот пазар е завршена, сега следува втора фаза. Градоначалникот на Општина Делчево има 2 опции или да го раскине договорот или да предложи измена на оретходната одлука како што е во овој случај. Со оваа одлука Општина Делчево како партнер во овој случај треба да обезбеди 14.501.752,54 денари од буџетот на општина Делчево за 2022 година, истакна Звонко Атанасов.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека образлагачот е во право кога вели дека цените се постојано во пораст, но праша дали за високата цена на тендерот, причината не е во тоа што се јавиле само 2 фирми и што практично значи дека нема конкуренција и затоа цените се такви какви што се.

Звонко Атанасов рече дека тендерот е јавен, никој не може да натера некоја фирма да се јави на тендерот, тоа е, се јавиле само 2 фирми, цената е таа, за жал, рече тој.

Кирил Тренчевски рече дека споредено со старата одлука, со новата одлука цената за реализација на проектот „Градски пазар во Делчево-отворен и затворен дел (II фаза), се зголемува за 10 милиони евра што значи дека ќе мора да има ребаланс на буџетот, а имајќи предвид нагорната линија на порастот на цените на материјалите, особено на железото, распишувањето на нов тендер може да значи и уште повисоки

цени. Од тие причини и бидејќи се работи за капитален проект кој е важен за сите граѓани, советничката група на СДСМ ќе даде поддршка на оваа одлука, т.е. ќе гласа „ЗА“, истакна К.Тренчевски.

Иван Гоцевски рече дека можеби причината за слабиот интерес на фирмите да конкурираат на тендерите лежи и во фактот што нашата Општина за жал се уште е блокирана. Како пример ја спомна Општина Кочани и поранешниот градоначалник кој во некоја прилика рекол дека се додека општината била блокирана, за сите јавни набавки имало малку заинтересирани. Вредноста на тендерот е речиси поголема за 30%. За жал веќе 5 години градоначалникот не успеа да направи ништо во тој поглед, во смисла на одблокирање на општината. За разлика на пример од Општина Кочани која успеала да се одблокира а со тоа и да се реши проблемот со слабиот интерес за јавните набавки. Советничката група на ВМРО ДПМНЕ за оваа точка ќе гласа воздржано, истакна Иван Гоцевски.

Кирил Тренчевски рече дека од кога е овој градоначалник, Општина Делчево ги има исплатено сите фирми кои биле изведувачи на разни проекти и не треба нашата Општина да се споредува со Општина Кочани.

Звонко Атанасов исто така рече дека политиката на плаќање на актуелниот градоначалник е во ред и дека досега редовно ги исплаќа сите обврски за реализација на капиталните проекти кои се реализирани.

Сања Николовска го праша образлагачот од каде, од која ставка, ќе се пренаменат средствата во износ од 10 милиони денари кои се потребни за дореализација на Градскиот пазар втора фаза?

Звонко Атанасов рече дека најверојатно тоа ќе биде од средствата за улично осветлување, ќе мора заедно со Секторот за финансирање да се најде од која ставка.

Иван Гоцевски праша дали ќе бидат продолжени роковите за завршување на пазарот?

Звонко Атанасов рече дека согласно Договорот, динамиката за извршување на работире, т.е. роковите се запазуваат.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на Одлуката за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење бр.09-2137/1 од 29.12.2020 година

Шеста точка-Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој истакна дека ова дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови е за урбанизација, а на барање на приватен инвеститор за намена

Е1,13 површински соларни и фотоволтаични централи .Имено, во поглавјето ,, Урбанистички планови за град Делчево,, по точката 22 се додава нова точка и тоа:

– точка 23 , која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1,13 површински соларни и фотоволтаични централи на КП бр. 956, КП бр.957 и КП бр.958, КП бр.959, КП бр.945 и КП бр.946, КО Очипала Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година.

Седма точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;

Образлагач по оваа точка беше Ванчо Новоселски-Советник за образование кој истакна дека како и секоја година така и оваа година на предлог на градоначалникот, Советот донесува ваква одлука со која им доделува стипендија на најдобрите ученици/првенци на генерацијата во општинските училишта. Стипендијата учениците ќе ја добиваат 9 (девет) месеци во текот на учебната 2022-2023 во нето износ 3,000,00 денари месечно за првенецот на генерацијата од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево и по 2000,00 денари месечно за првенците на генерацијата од ООУ „Ванчо Прке“ и ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој го праша образлагачот дали за претходната година износот на стипендиите за првенците бил ист како што е предложен во оваа одлука.

Ванчо Новоселски рече дека и ланската година и оваа износот на стипендиите на првенците е ист.

Иван Гоцевски рече дека во иднина треба да се размислува да се покачи износот барем по 500 денари повеќе за учениците и студентите што конкурираат за стипендиите што ги доделува Општината.

Сања Николовска праша дали оваа година 10-те најдобри матуранти ќе добијат парична награда по 20.000 денари или наградно патување.

В.Новоселски рече дека 2 години поради пандемијата на КОВИД 19, матурантите не одеа на патување низ Европа, туку добиваа парична награда по 20.000 денари. Оваа година ќе патуваат, веќе на 26 мај ќе биде распишана и јавна набавка од страна на Општината за избор на најповолен понудувач/ Туристичка агенција која ќе го реализира ова патување.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта.

Осма точка-Разгледување на Барање од Месна заедница Трети реон ;

Во врска со оваа точка образложение даде Кире Цоневски-претседател на МЗ Трети реон кој истакна дека граѓаните од МЗ Трети реон поточно оние кои живеат на ул.„Илинденска“ доставиле Барање до Советот со кое бараат согласност за отстранување на дел од објект (таканаречен ДОМО) кој е во сопственост на Општина Делчево. Истото Барање е поднесено од причини што објектот од поодамна не е во функција и дел од него пречи за нормалното одвивање на сообраќајот на тој потег, односно нема пристап за возила на ТППЕ, Брза помош, завозилото за собирање на комунален отпад и слично. Се случувало многупати кога имало потреба болни или стари лица до возилото за Брза помош да се носат на раце и слично. Во минатото имало неколку обиди за реконструкција на овој објект од разни субјекти (МЗ, невладини организации и сл) но никако не бил ставен во функција која би била во интерес на граѓаните. Барањето за согласност за отстранување на дел од објект се поднесува од причини што согласно важечкиот ДУП таму треба да се изгради улица, а дел од објектот е дивоградба (само 5Х5 е легална градба). Во продолжение на образложението тој предложи Советот да донесе Заклучок со следната содржина:

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/2002) и поднесеното Барање од Месна заедница на Трети реон бр.------од -------------, Советот на Општина Делчево, на својата 49.редовна седница, одржана на ден --------, донесе

ЗАКЛУЧОК

1. Советот На Општина Делчево го разгледа Барањето од жители на месната заедница Трети реон бр.------------ од-----------------;

2. Советот на Општина Делчево ги задолжува Одделението за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај да постапат по барањето бр.------ од------- согласно законските прописи и нивните надлежности;

3. Одделението за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај се задолжува:
   - Да се започне постапка за рушење на дел од објектот на улица Илинденска
   - Да се започне постапка за доградба на улица Илинденска

4. Одделението за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај да го информираат Советот на Општина Делчево за превземените мерки и активности во рок од 30 дена сметано од денот на одржувањето на седницата;

5. Заклучокот ќе се достави до:

- Градоначалникот на Општина Делечво;
- Подносителите на барањето;

- Одделението за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај;
- Совет на Општина Делчево.

6. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Претседателот рече дека на оваа седница ќе се дискутира за ова барање и ќе се донесе Заклучок кој ќе биде формулиран врз основа на дискусиите. Тој отвори расправа по оваа точка и за збор се јави

Зекир Абдулов кој рече дека му е познато за кој објект станува збор и каде точно се наоѓа (каде што живее Градоначалникот како што рече тој) и истакна дека и покрај неколкуте обиди за негова реконструкција и ставање во употреба до ден денешен не бил ставен во функција. Тој се согласи дека објектот можеби е опасен за децата, дека пречи/смета во одвивањето на сообраќајот и пристапот на некои возила, но исто така истакна дека во Делчево постојат многу такви објекти кои пречат исто како овој (на крајот на истата таа улица ул.„Илинденска“ кај „скалата“). Можеби требало да биде Барањето дополнето и со др.такви објекти кои се наоѓаат во Трети реон, истакна З.Абдулов.

Кирил Тренчевски праша дали Советот има надлежност да расправа за вакви барања точка 8,9 и 10. Конкретно за 8.точка. тој рече во ова Барање, како што е напишано, стои дека Урбаната/во барањето Месна заедница бара согласност да руши??? Според него Советот нема надлежност да дава согласност за рушење на објекти.

Иван Гоцевски рече дека е неблагодарно да се бара од Советот согласност за рушење на објект кој со години постои на таа локација и го има во ДУП, а секоја седница Советот да донесува одлуки за легализирање на дивоградби. Тоа е апсурд, нема логика. Образложението дека тој објект смета на жителите, дека возилата на Брза помош и ТППЕ немаат пристап, не држат. Објектот можеби смета само на 5-6 куќи ( куќата на градоначалникот и соседите). Инаку на многу места во Делчево има такви објекти, Први реон, Ѕвегорска Река. Според него бидејќи објектот постои во ДУП, можеби поправилно е да се поднесе иницијатива за промена на ДУП.

Дејан Георгиевски рече дека како што истакнал образлагачот објектот го има во ДУП, некој некогаш дал одобрение/дозвола за градење, дали е 5х5 или 3х2 воопшто не е важно. Објектот го има во ДУП, постои. Сакам да го прашам образлагачот-кој дава одобрение за градење и одобрение за рушење? Советот?. Сметам дека има друг надлежен орган за издавање на такви одобренија, не е Советот, истакна Дејан Георгиевски.

Претседателот на Советот рече дека Советот во врска со ова Барање може само да разговара, дискутира и дебатира.Од Советот со ова барање се бара согласнот за рушење. Објект не се руши со некаква согласност. Се руши со Решение/ Одобрение од надлежен орган. Во Законот за градење јасно се прецизирани надлежностите и надлежните органи. Советот нема надлежност да дава согласност за рушење, ако е така никој немаше да поднесува иницијативи за промена на ДУП. Законот за градење **дава надлежност да донесува детални урбанистички планови.** За конкретниот случај Советот донел ДУП уште во 1996 година. Според тоа предлагам Советот да го донесе следниот ЗАКЛУЧОК:

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а согласно Барањето на Месна заедница Трети реон од 04.04.2022, Советот на Општина Делчево, на својата 9.редовна седница, одржана на ден 23.05.2022 година го донесе следниот

ЗАКЛУЧОК
во врска со Барање од Месна заедница Трети реон

1.Советот на Општина **нема надлежност** во врска со отстранувањето на објекти или дел од објекти;

2. Надлежностите за отстранувањето на објект или дел од објект се дефинирани во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ Бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12 и 25/13) во кој се наведени и надлежните органи за отстранување на објекти и издавање на одобрение за отстранување;

3. Советот на Општина Делчево како надлежен орган согласно Законот за урбанистичко планирање има донесено Детален урбанистички план за локалитет Старо Делчево уште во 1996 година( Одлука број 08-773 од 25.10.1996 година) и со него е утврден планскиот опфат што е во рамки на планскиот опфат на генерален урбанистички план, чиишто граници се утврдени со генералниот урбанистички план и кој служи за негово разработување и спроведување.

4. Согласно напред наведеното Месната заедница Трети реон, Барањето треба да го достави до Секторот за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на животната средина кој е надлежен во однос на барањата кои сте ги навеле во дописот.

Секторот за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на животната средина да го информира Советот на Општина Делчево за преземените мерки и активности.

5. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Делчево“.

Заклучокот да се достави до:

- Градоначалникот на Општина Делчево;
- Подносителот на барањето;
- Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај;
- Совет на Општина Делчево.

Сања Николовска предложи да се даде рок на Секторот за урбанизам, од 30 или 60 дена сметано од денот на одржувањето на седницата, да го извести Советот за преземените мерки и активности.

Забелешката на Сања Никловска беше усвоена и ставена во Заклучокот.

Претседателот го стави на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот предложен од страна на претседателот на Советот во врска со Барањето на МЗ Трети реон.

**Деветта точка-Разгледување на Барање од граѓани кои живеат на ул.„Пере Тошев“ 08-731/1 од 19.04.2022;**

Во врска со оваа точка З.Атанасов го информираше претседателот и членовите на Советот дека од страна на Секторот за урбанизам е доставен одговор до подносителот на Барањето.

Бидејќи до подносителот на Брањето од граѓани кои живеат на ул.„Пере Тошев“ 08-731/1 од 19.04.2022 веќе има доставено одговор од страна на Секторот за урбанизам,

претседателот на Советот ја затвори расправата и премина на наредната точка.

Десетта точка-Разгледување на Барање бр.09-767/1 од 26.04.2022;

Ова Барање го образложи претседателот на Советот, прочита дел од него, кое се однесува на барањата што ги бараат граѓаните, меѓу кои :„ промена на ДУП и вцртување на паркинг простор со најмалку 32 паркинг места, по промената на ДУП да се изгради и додели во сопственост (како дворно место) на станбената зграда на ул. Бул. Македонија.

Потоа, Советот на Општина Делчево да донесе одлука за доделување на паркинг просторот како земјиште кое со Имотен лист ќе биде запишано како дворно место на станбената зграда на ул. Бул. Македонија".

И во врска со ова Барање како и за претходното претседателот на Советот рече дека Советот нема надлежност, дека постапката за промена на ДУП е дадена во законот и дколку некој сака промена на ДУП може да иницира постапка во согласност со Законот за урбанистичко планирања.

Тој предложи Советот да го донесе следниот Заклучок:

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а согласно Барањето 09-767 од 26.04.2022 година, Советот на Општина Делчево, на својата 9.редовна седница, одржана на ден 23.05.2022 година го донесе следниот

ЗАКЛУЧОК

во врска со Барање бр.09-767/1 од 26.04.2022

1.Советот на Општина Делчево **нема надлежност** во врска со барањата наведени во Барањето.
Што се однесува до постапката за иницирање на постапка за измена на ДУП, истата е дефинирана во Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.2.2020 година);

2.Секторот за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на животната средина да се произнесе по Барањето бр. 09-767 од 26.04.2022 година и да го извести Советот за преземените дејствија;

3.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Делчево".

Заклучокот да се достави до:

- Градоначалникот;
- Подносителот на барањето;
- Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај;
- Совет на Општина Делчево.

Заклучокот беше ставен на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот во врска со Барњето бр.09-767/1 од 26.04.2022.

На крајот на седницата Зекир Абдулов рпобара на наредна седница на дневен ред да се стави првата точка која не беше изгласана-Измени на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2022 година и реагираше зошто не се одгорени советничките прашања. Побара одговор.

Претседателот на Советот рече дека предлагач на оваа точка е градоначалникот на Општина Делчево и тој треба да достави се што е во надлежност на Советот. Во врска со советничките прашања, претседателот рече дека ќе побара од службите и инситуциите да бидат поажурни и да доставуваат одговори на прашањата.

Сања Николовска праша дали има смисла да се става на дневен ред Заклучок кој еднаш не е изгласан и без никакви измени на истиот?

Со исцрпувањето на дневниот ред, Деветтата седница на Советот на Општина Делчево заврши со работа во 15:50 часот.

Записникот го водела — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Снежана Трајкова — Претседател,

Гоце Попов